ПРИВАТНА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА ЗА БИЗНИС СТУДИИ ЕУРО КОЛЕЦ - КУМАНОВО

П Р А В И Л Н И К

ЗА УСЛОВИ, КРИТЕРИУМИ И ПРАВИЛА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И СТУДИРАЊЕ НА ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ НА ПРИВАТНАТА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА ЗА БИЗНИС СТУДИИ ЕУРО КОЛЕЦ - КУМАНОВО

Врз основа на член 52 и 113 од Законот за Високо Образование (Сл. Весник на Р.М.) и врз основа член 88 и 22 од Статутот на Приватна Високообразовната Професионална Установа за Бизнис Студии Еуро Колеџ во Куманово,Управниот Одбор на седницата одржана на 05.02.2010 година го одобри следниот:

ПРАВИЛНИК

За услови, критериуми и правила за запишување и студирање на втор циклус на студии на ПВПУ „Еуро Колеџ“ во Куманово

Општи одредби

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат единствените правила за запишување и студирање на втор циклус на студии согласно со основите за кредит трансфер системот како и преминот од една на друга високообразовна, односно научна установа на Колеџот, регулирани во Правилникот за единствените основи за кредит – системот и преминот од една на друга студиска програма и преминот од една на друга високообразовна установа.

Член 2

Одредбите од овој Правилник ги применува Приватната Високообразовна професионална установа за бизнис студии Еуро Колеџ како установа која врши високообразовна дејност за додипломски и постдипломски студии.

СТУДИИ

Член 3

Стручни специјалистички студии од втор циклус се остваруваат врз основа на акредитирани студиски програми дизајнирани според кредит трансфер системот (во натамошниот текст ЕКТС) а во согласност со Законот за високо образование, Статутот и други општи акти на ПВПУ„ Еуро Колеџ„-Куманово.

ПВПУ„ Еуро Колеџ„-Куманово врши образовна дејност во научното поле 5.06 Организациони науки и управување (менаџмент)

Студиските и предметните програми на постдипломските студии се

дизајнирани според принципите и стандардите на ЕКТС, содржани ви Правилникот за единствените основи за системот, преминот од една на друга студиска програма и преминот од една на друга вискообразовна установа.

Член 4

Стручни специјалистички студии од втор циклус се остваруваат преку реализација на студиски програми со одбрана на специјалистички труд и кои служат како услов за запишување на повисоко ниво на студиски програми.

Член 5

Обемот на студиските програми, организацијата и времетраењето на стручни специјалистички студии од втор циклус ги утврдува Високообразовната установа во согласност со Законот за високо образование, Статутот и други општи акти на ПВПУ„ Еуро Колеџ„-Куманово..

Член 6

Стручни специјалистички студии од втор циклус се остваруваат преку студиски програми со времетраење зависно од карактерот и специфичноста на завршениот профил или стручноста, за кои се стекнува диплома или сертификат.

Високообразовната установа донесува Одлука за кои студиски програми ќе се стекнува диплома или сертификат.

Студиските програми за кои се стекнува диплома се организираат по добиена согласност од Одборот за акредитација.

Член 7

Студиските програми можат да се организираат за:

- Стручни специјалистички студии од втор циклус за основниот профил
- Студии за дооформување на соодветен профил.

За видот и карактерот на студиите кои се организираат одлучува Наставно-научниот совет на установата.

Член 8

За завршен обем на студии, изразен преку соодветен број на кредити, во рамките на студиите од основниот профил (Стручни специјалистички студии од втор циклус), студентот добива сертификат, диплома, додаток на диплома и уверение за соодветниот обем на завршени студии во однос на вкупниот обем на кредитите потребен за завршување на студиите.

Член 9

Студиските програми од членовите 7 и 8 од овој Правилник може да се реализираат во континуитет, по пат на стекнување кредити од најниското до

највисокото ниво на студии.

Овие студиски програми, без оглед на трансферабилноста што ја овозможуваат, треба да претставуваат самостојни целини во однос на кредитите и оптовареноста на студентот во однос на другите студиски програми.

Орган што ги донесува студиските и предметните програми

Член 10

Студиските програми за втор циклус студии ги донесува Наставно-научниот совет на установата како анекс на Статутот.

На студиските програми од ставот 1, согласност дава Управниот Одбор.

Предметните програми на додипломските студии ги донесува ННС, односно Наставничкиот совет со Одлука.

Студиски програми за нови профили на стручни кадри

Член 11

Високообразовната установа може да организира студии од втор циклус за нови профили на стручни кадри со донесување на студиски програми за дејности за кои се основани.

За организирање на нови студиски програми согласност дава Управниот Одбор на установата.

По добиената согласност од Управниот Одбор на установата, Одборот за акредитација утврдува дали високообразовната установа ги исполнува условите за организирање студии за нови профили на стручни кадри и врз таа основа дава акредитација за нивно организирање.

Член 12

Високообразовната установа и Одборот за акредитација даваат согласност за организирање само на оние нови студиски програми за кои се стекнува диплома.

За организирање на втор циклус студии за кои студентот стекнува диплома, одлука донесува ННС на установата.

Објавување на студиските и предметните програми

Член 13

Студиските и предметните програми се јавни и достапни за секое заинтересирано лице.

Високообразовната установа е должна да ги објави студиските и предметните програми.

Член 14

Објавувањето се врши со печатење или со дигитално дизајнирање на пакети на информации кои може да бидат дистрибуирани лично, преку службите или преку интерна и екстерна информативна мрежа. Начинот на објавување го определува установата.

Услови и начини на запишување
на додипломски студии

Член 15

На Високообразовната установа се запишуваат државјани на РМ; иселеници; и државјани на РМ кои целокупното образование го завршиле во странство9 додипломски студии); државјани на РМ кои дел од своето образование го завршиле во странство; странски државјани; студенти со завршено високо образование на високообразовни установи во РМ и странство.

Траење, почеток, завршување
и обем на додипломските студии

Член 16

Траењето, почетокот, завршувањето и обемот на додипломските студии се содржани во пакетот информации што ги изготвува високообразовната установа.

Обемот на додипломските студии се определува во согласност со Правилникот за единствените основи за ЕКТС, преминот од една на друга студиска програма и преминот од една на друга високообразовна установа.

Право за пријавување и право на упис

Член 17

Право за пријавување за упис на студиски програми од втор циклус има лице кое завршило соодветни студиски програми од прв циклус. Високообразовната установа утврдува кои студии се соодветни за упис на одделни студиски програми од втор циклус како и услови за упис на кандидати кои имаат завршено други студиски програми согласно условите предвидени со Законот за високо образование, Статутот, овој Правилник и Конкурсот за запишување на вторциклус на студии..

Право на запишување имаат и студенти од други факултети како и дипломирани лица по посебна постапка за трансфер на кредити, односно

признавање на претходно положени испити

За утврдување на соодветноста на предметните програми за трансфер на кредити Наставно-научниот совет формира посебна комисија.

Согласност за запишување на кандидати на ПВПУ„ Еуро Колеџ„ -Куманово дава Конкурсната комисија на Високообразовната Установа.

Член 18

Право на упис во прва година на студии кандидатот стекнува согласно со условите и критериумите утврдени во јавен конкурс за упис на студенти кој се објавува во јавните гласила.

Член 19

Странските државјани можат да се запишуваат на студии на Високообразовната Установа.

Странските државјани и лицата без македонско државјанство имаат право на упис на студии под еднакви услови како и македонските државјани.

На прва година на Високообразовната Установа може да се запише ограничен број кандидати (50 студенти) – странски државјани.

Конкурс за упис на студии

Член 20

Конкурсот за првиот циклус на студии го утврдува и го објавува ННС.

Конкурсот за упис на студии од втор циклус се објавува најмалку пет(5) месеци пред почетокот на следната академска година.

Конкурсот за втор циклус на студии ги содржи:

- името на Високообразовната Установа и неговата адреса;
- називот на студиската програма;
- местото на изведување на студиската програма;
- условите за упис,
- бројот на слободни места за запишување;
- критериумите за селекција;
- претходното завршено образование;
- постапките и роковите за пријавување и запишување.

Пријава за конкурирање

Член 21

Кандидатот е должен да поднесе пријава за конкурирање за упис на студии

до денот утврден во Конкурсот.

Во пријавата кандидатот мора да ја наведе студиска програма за која конкурира и дали конкурира за уписи на редовни или на вонредни студии како и лични податоци за кандидатот.

Покрај пријавата, кандидатот е должен да ги приложи сите документи утврдени во Конкурсот.

Постапка за селекција

Член 22

Високообразовната Установа ја утврдува постапката за селекција на кандидатите за упис на начин кој гарантира рамноправност на сите кандидати без оглед на раса, боја на кожа, пол, јазик, вера, политичко или друго уверување, етничко, национално или социјално потекло, имот, раѓање, општествена положба, инвалидност, сексуална ориентација и возраст.

Високообразовната Установа ги утврдува критериумите врз основа на кои се врши селекцијата и изборот на кандидатите за упис.

Наставно-научниот совет на носителот на студиската програма ги одредува елементите кои се значајни за студиската програма во постапката за селекција на кандидатите.

Наставно-научниот совет во согласност со условите за упис предвидени со Конкурсот за упис на нови студенти на Високообразовната Установа, може да донесе одлука за посебни услови за упис на студиските програми кои ги изведува, а кои услови се составен дел на конкурсот за упис на нови студенти.

Во случај на пријавување на поголем број кандидати од бројот утврден со конкурсот при изборот на кандидати за прием се врши рангирање на кандидати. Рангирање на кандидатите во тој случај се врши според постигнатиот успех од прв циклус (60%) и остварени деловни и академски резултати по дипломирањето (40%).

Конкурсни комисии

Член 23

Подготовката и реализацијата на Конкурсот за упис на нови студенти ги спроведува конкурсна комисија.

Конкурсна комисија брои 3 члена и тоа два наставника и еден соработник

Членовите на Конкурсна комисија, ги избира ННС.

Во работата на Комисијата учествуваат претставници од стручните служби на Високообразовната Установа, без право на одлучување.

Административно-техничката поддршка на Конкурсна комисија ја врши Службата за студентски прашања (Стручна служба) на Високообразовната

Установа.

Член 24

Конкурсна комисија:

- ги утврдува критериумите врз основа на кои се врши селекцијата и изборот на кандидатите за упис;
- изготвува упатство за реализација на Конкурсот за упис на нови студенти;
- ја следи реализацијата на конкурсот, расправа по приговори на студентите и донесува одлуки.

Конкурсна комисија одлучува со гласање по принципот на просто мнозинство.

По завршувањето на роковите за упис на нови студенти предвидени во конкурсот, комисијата изготвува извештај за резултатите од уписот на студентите и го доставува до ННС на Високообразовната Установа.

Право на приговор

Член 25

Кандидатот има право на приговор за исправноста на постапката за селекција на кандидатите, што го доставува до конкурсна комисија. Приговорот се поднесува во рок од 24 часа од објавувањето на резултатите на огласната табла.

Комисијата е должна да го разгледа приговорот на кандидатот .

Доколку конкурсна комисија не може да донесе одлука по однос на одреден приговор, истиот го поднесува до ННС или до орган овластен од ННС

Кандидатот чиј приговор се разгледува од страна на конкурсна комисија, во случај да не е задоволен со донесената одлука има право, да достави приговор до ННС или до орган овластен од него.

ННС е должна да го разгледа приговорот на кандидатот.

Одлуката на ННС е конечна.

Организација на студии

Член 26

Студиските програми се поделени на студиски години и семестри. Во согласност со ЕКТС обемот на студиската програма изнесува 60(ЕКТС) кредити во една студиска година , односно 30(ЕКТС) студиски кредити во еден семестар. Бројот на студиските кредити за одреден предмет се определува на основа на вкупно оптоварување на студентот(теоретска и/или практична настава, вежби, семинари и сл.)

Времетраење на студиите

Член 27

Стручни специјалистички студии од втор циклус за стекнување на диплома трае две години и се вреднува со 120(ЕКТС) студиски кредити. ЕКТС студиските кредити се во согласност со критериумите на Европскиот систем на пренос на кредити-European Credit Transfer System-ECTS.

Почеток и завршување на студиската година/студиски програми

Член 28

Почетокот и завршувањето на студиската година се дефинира во Академскиот календар на високообразовната установа.

Календарот за наредната академска година го донесува Управниот Одбор, најмалку 5 месеци пред завршетокот на тековната академска година и го објавува на веб страницата на Високообразовната Установа и огласната табла на единицата.

Календарот ги содржи и терминте за одржување на наставата, испитите и државните и универзитетските празници.

Врз основа на календарот наставно-научниот, односно научниот совет донесува календар за наредната академска година и го објавува на веб страницата на Високообразовната Установа и огласната табла на единицата, најмалку три месеци пред завршувањето на тековната студиска година.

Обем на додипломски студии

Член 29

Обемот на постдипломските студии се определува со вкупно потребното оптоварување на студентите во часови, во кое е вклучено потребното време за следење и учество во наставата, времето потрошено за воннаставни активности и времето потрошено за учење.

Член 30

Вкупниот обем на постдипломските студии претставува збир на оптовареноста на студентот со настава, воннаставни активности и учење од сите предметни програми во еден семестар или студиска година, изразен во часови.

Член 31

Наставата се организира и изведува на основа на утврдениот распоред на часови. Високообразовната установа го објавува распоредот на часови најдоцна 10 дена пред почетокот на наставата. Распоредот на часови содржи: студиска година, име на предметот, време на одржување на наставата и место на одржување на наставата.

Член 32

Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање на почеток на секоја година на студентите задолжително им предлага основна литература која ги содржи елементите што студентите ќе ги користат за полагање на испитите и се објавува на веб страницата. Основаната литература ја содржи и литературата од преведените учебници од проект на владата на РМ.

Член 33

Вкупниот број на часови се распределува меѓу сите наставници од иста или сродна научна област . На наставник кој не го исполнува минимуот број на часови доколку има можност со решение на деканот му се определуваат часови од настава од сродна научна област

Јазици на кои се изведува наставата

Член 34

Наставата на единиците на Високообразовната Установа се изведува на албански, турски, македонски и англиски јазик. Припадниците на заедниците, заради изразување, негување и развивање на својот идентитет и другите особености, имаат право наставата во јавните високообразовни установи, по соодветни студиски програми и содржини, да ја изведуваат на јазикот на заедницата, различен од македонскиот јазик, во согласност со Законот за високото образование и со овој Статут.

Наставата на единиците на Високообразовната Установа може да се изведува на еден од светските јазици, за одделни студиски програми за странски јазици или за дел од студиска програма, за делови на студиски програми во кои учествуваат наставници -гости од странство и за студиски програми за кои наставата се изведува на македонски јазик или на јазикот на заедницата различен од македонскиот јазик.

Единиците на Високообразовната Установа можат да понудат наставата за целосна студиска програма да се изведува паралелно на албански, турски, англиски, македонски јазик и на еден од светските јазици.

СТУДЕНТИ

Статус на студентот

Член 35

Студентот се стекнува со статусот студент со запишување на стручни специјалистички студии од втор циклус студии.

Статусот студент се докажува со студентска легитимација.

Студентите можат да се запишат како редовни и вонредни.

Редовни студенти континуирано го следат наставно-образовниот процес утврден со соодветна студиска програма

Вонредни студенти можат да изберат помеѓу класична настава, менторски начин, семинари и/или далечинска настава.

Член 36

Вонреден студент може да биде лице кое исполнува еден од условите:

- да е на боледување подолг период,
- да е во работен однос,
- да е отсутен подолг период поради престој во странство
- поради други оправдани причини.
- Студент кој е паралелно запишан на друга високообразовна установа.

Член 37

Студентот има право да ги заврши студиите според студиската програма со која започнал, во рокот определен со интерните акти на високообразовната установа и Правилникот за единствените основи на КТС и преминот од една на друга студиска програма и преминот од една на друга високообразовна установа.

Студент-гостин

Член 38

Студент-гостин може да биде редовен или вонреден студент од друг универзитет во земјата и странство кој запишува делови од студиска програма на Високообразовната Установа, во согласност со посебниот договор со другиот универзитет за признавање на ЕКТС бодови. Статусот на студент гостин трае најдолго една академска година. Правата и обврските на студентот-гостин, начинот на подмирување на трошоците за неговите студии, евентуалната можност за продолжување на студиите на Високообразовната Установа и други прашања поврзани со статусот на студентот-гостин се уредуваат со договорот меѓу Високообразовните Установи.

Партиципација и кофинансирање на студиите

Член 39

Студентите се запишуваат со самофинансирање на студиите.Висината на школарината и услови за нејзино плаќање ги пропишува Управниот одбор.

Правила на студирање

Член 40

Студентот може да запише нови предметни програми од наредниот семестар или од наредната година, доколку оствари минимален број кредити определени со Правилникот за ЕКТС.

Член 41

Установата во рамките на интерната мобилност на студентот, може да пропише задолжителни критериуми, т.е. претходно совладани предмети (освоени кредити), како услов за запишување на наредни предметни програми/предмети.

Член 42

Следењето, водењето и административната поддршка на студентот во текот на неговото студирање како и административната подршка по завршување се регулираат со интерните акти на високообразовната установа.

Член 43

Студентот, уште при уписот, мора да ја запише доминантната насоченост (студиската програма) што сака да ја студира.

Член 44

Во текот на студирањето, студентот покрај избраната доминантна насоченост, може да избере предмети од друга студиска програма (насока), во зависност од обемот на остварените кредити и пропорциите утврдени со интерните акти.

Студиските програми содржат задолжителни и изборни наставни предмети. Учеството на задолжителните предмети е најмногу до 60% од бројот на предметите. Остатокот го сочинуваат 30% изборни наставни предмети коишто студентите ги избираат самостојно од редот на сите наставни предмети и 10% изборни наставни предмети коишто студентите самостојно ги избираат од листата на слободни изборни предмети.

Во овие 10 % изборни наставни предмети се вклучуваат предмети од областа на претприемништво и иновации.

Листата на слободни изборни предмети се објавува на веб страницата како и на огласна табла на високообразовната установа.

Член 45

Во текот на постдипломските студии може да се запише и лице кое студирало на друга високообразовна институција во земјата или во странство и кое ги исполнува критериумите предвидени со протоколот за соработка помеѓу установите кои вршат размена на студенти.

Член 46

Право на одбрана на специјалистичкиот труд студентот стекнува со претходно освоен минимум на потребните кредити и со успешно завршени предвидени активности определени со студиската програма за постдипломски студии.

Член 47

Правилата за студирање задолжително треба да бидат содржани во пакетот на информации кој го изготвува секоја високообразовна установа, односно висока стручна школа.

Мирување на статусот студент

Член 48

На студентот може да му мирува статусот на студент кога за тоа постојат оправдани причини.

Оправдани причини од став 1 на овој член се сметаат:

- Потешка долготрајна болест која оневозможува редовно следење на наставата подолго од еден семестар;
- Инвалид кој не е во состојба да ја посетува наставата;
- Родител на дете додека трае породилното отсуство;
- Паралелно студирање на два факултети;
- Лице кое привремено престојува во странство поради тоа што родителите му живеат или работат во странство;
- Нега на дете до три годишна возраст на детето или нега на член на потесно семејство или боледување подолго од шест месеци;
- Бременост на студентка, по нејзино барање;
- Отслужување на воен рок на студент, со негова согласност и
- Студент кој во рамките на меѓународна културна, спортска и друга соработка престојува подолго време во странство.
- Финансиски причини

Решение по барањето за мирување на студиите донесува деканот на факултетот врз основа на писмено барање на студентот и приложената документација со која го докажува постоењето на оправданата причина заради која е поднесено барањето за мирување.

Член 49

Доколку студентот премине на друга високообразовна установа, со цел да совлада одредени предметни програми и да освои соодветен број кредити, под услови определени со билатерални договори помеѓу високообразовните установи, статусот на студент му мирува на матичната високообразовна установа.

Паралелно студирање

Член 50

Студентот може паралелно да студира на други додипломски студии со надоместување на трошоците, како вонреден студент.

Начинот и условите за паралелно студирање поблиску се утврдуваат со Статутот на високообразовната установа и посебен правилник.

За потребите на паралелното студирање високообразовната установа посебно ги прилагодува активностите со студиските програми. На дадена студиска програма најголем број на студенти за паралелно студирање може да биде до десет студенти.

Премин од едни на други студии

Член 51

Во текот на студиите, студентот може да премине од едни на други студиски програми под услови утврдени според Правилникот за единствените основи за ЕКТС и Статутот на високообразовната установа, односно научната установа.

Член 52

Студентот кој бил запишан на високообразовна установа, односно научна установа која престанала со работа има право да ги продолжи студиите на иста или на сродна високообразовна установа, односно научна установа, под услови утврдени со Статутот на високообразовната установа, односно научната установа на која ги продолжува студиите.

Член 53

Студентот, при преминувањето, поднесува барање до координативното тело за ЕКТС на високообразовната установа, односно научната установа.

Со барањето, освен документите за запишување на високообразовната установа, односно научната установа, студентот ги поднесува сите документи издадени од високообразовната, односно научната установа, на која дотогаш студирал.

Член 54

Решение по барањето на студентот за премин од една на друга високообразовна установа, односно научна установа донесува Комисијата која се формира од страна на ННС на установата за трансфер на студенти од други високообразовни установи.

Престанување на статусот студент

Член 55

На студентот му престанува статусот на студент, ако:

- Ги заврши стручните специјалистички студии од втор циклус;

- Не ги заврши студиите во рокот утврден со Законот и овој Правилник;
- Не го исполни условот според ЕКТС и не ја запише годината, односно семестарот во роковите утврдени со овој Статут;
- Се испише од високообразовната установа;
- Е исклучен од високообразовната установа.
- Доколку студентот не ги подмири сите трошоци кои се поврзани со школувањето согласно договорот.
- Доколку не ги почитува Политиките на Високообразовната институција

Статусот на студент може да биде обновен на барање на студентот, освен ако не престанал со трајно исклучување.

Студентот од претходниот став ги продолжува студиите според истата студиска програма, доколку таа во меѓувреме не претрпела измени.

Права и обврски на студентот

Член 56

Студентот има право да биде навремено информиран за сите релевантни прашања кои се однесуваат на неговото студирање.

Видот, обемот и карактерот на студиите, како и обврските и бенефициите на студентот во текот на неговото студирање, се регулирани со пакетот на информации кој установата е должна да го изготви и да му го достави на увид на студентот уште за време на неговиот упис на соодветната студиска програма.

Член 57

Екстерната комуникација студентот ја остварува во рамките на потпипаните договори за соработка помеѓу установата – домаќин и установите во и надвор од рамките на Високообразовната Установа (други факултети, високи стручни школи, институти, државни тела, стопански субјекти, во земјата и во странство).

Проверка на знаење

Член 58

Проверка на знаење се организира во термини кои се утврдени за изведување на наставата за предметот за кој е предвидена проверка на знаење. Задачите кои се предвидени се распоредуваат во текот на семестарот. Вкупниот обем на овие активности мора да биде усогласен со оптоварувањето кое е предвидено на предметот во согласност со ЕКТС.

Наставникот е должен во текот на наставата, изработката на индивидуални работи и подготовка за проверка на знаењето, да му помогне на студентот преку

организирање на консултации. Термините за консултации се достапни на студентите преку интернет страницата на високообразовната установа.

Определени облици на настава можат да се организираат и во форма „ учење на далечина„(distance learning, cross -border teaching, virtual teaching).

Оценување

Член 59

Студентот во текот на студирањето, потребниот број кредити за соодветната предметна програма го остварува преку континуирано и завршно оценување, на начин кој го определува носителот на предметната програма, одобрено од страна на ННС, Наставничкиот совет односно Советот.

Предмет на оценување

Член 60

Предмет на оценување во рамките на предметната програма може да биде:

- Посета на предавања;
- Извршени консултации;
- Успешно реализирани вежби;
- Успешно реализирана практична работа;
- Изработка на семинарска работа;
- Теренска работа;
- Самостојна/домашна работа;
- Учење во библиотека;
- Менторство на други студенти;
- Изработени или реализирани проекти;
- Освоени награди/пофалници и др.

Проверка на знаењето

Член 61

Проверката на знаењето на студентот, по наставните предмети, се врши континуирано во текот на наставно-образовниот процес и се изразува во поени.

За исполнување на обврските за полагање на испитот (по делови или во целина) студентот може да оствари најмногу 100 поени или да добие позитивна оценка која се изразува до 10 (десет), при што оценката 5 (пет) означува недоволен успех.

Проверката на знаењето по одделни наставни предмети се врши на начините определени во студиската програма и во роковите утврдени со овој Правилник.

Просечниот успех на студентот претставува аритметичка средина· на оценките од завршното оценување по сите наставни предмети во текот на студиите.

Секој незадоволен студент кој е оправдано незадоволен од оценката по

наставниот предмет го поседува правото да поднесе приговор.

Член 62

Преку континуирано оценување, студентот се оценува за секоја активност пропишана во соодветната предметна програма преку: кредитни поени, процентот на оптовареност или индексни единици.

Член 63

Пријавувањето на испитот од страна на студентот е електронски. Проверката на знаење се одвива по писмен пат(тест, писмена работа). Резултатите од испитот се водат електронски и се чуваат до крајот на октомври следната учебна година. За секој испит се изработува Записник за извршениот испит кој во материјална форма се доставува до студентска архива.

Оценката добиена од континуираното оценување ја сочинуваат вкупната оценка (од минимална до максимална). Положен испит е услов да се стекне потребниот број кредити пропишан со предметната програма.

Член 64

Вториот циклус студии на Установата, трае една до две години. Овие студии можат да траат и подолго доколку тоа е во согласност со меѓународно прифатените стандарди за даден профил.

Вториот циклус студии се остварува согласно со закон, овој Статут и Правилникот на Високообразовната установа за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии.

Студентите од став еден од овој член имаат право да ги завршат започнатите студии според условите и студиската програма на која се запишале најдолго во времето што е два пати подолго од пропишаното траење на студиите.

Доколку по истекот на рокот од претходниот став студентот не ги заврши студиите, со Одлука на единицата на Установата се утврдуваат дополнителните услови и рокот за кој студентот може да ги заврши студиите.

Доколку по истекот на рокот настане измена на студиската програма, студентот може да ги продолжи студиите по изменетата студиска програма врз основана општ акт на Високообразовната установа и на единицата.

Доколку по истекот на рокот на студиската програма престане со работа, студентот може, стекнатите кредити за одредени предметни програми да ги пренесе на друга студиска програма и да ги продолжи студиите врз основа на општ акт на Високообразовната установа и на единицата.

Лицето кое ги завршило студиите од втор циклус се стекнува со диплома стручен назив - мастер или со друг назив определен со закон.

Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, научниот назив по завршување на вториот циклус на студии е мастер (master).

Испитни рокови

Член 65

Студентот има право да ги полага предметите во рамките на зимскиот, есенскиот и летниот испитен рок, додека вонредните студенти имаат дополнително уште два термина за полагање на испити. Со одлука на Наставно научен совет на Установата може да организира и две дополнителни сесии.

Испитните рокови траат најмалку три недели. За секој предмет во секој испитен рок се даваат по два термина. Разликата помеѓу нив не може да биде помала од десет дена.

Испитите можат да се организираат непосредно по завршувањето на блок наставни содржини, односно преку колоквиуми, ако се предвидени во предметната програма, а крајната оценка се утврдува на завршниот испит во редовната испитна сесија. Во крајната оценка може да се пресметаат постигнувањата на студентот во текот на континуираното оценување.

Испитите, или некои други форми на проверка на стекнатите знаења, вештини и способности, се полагаат по сите предмети што студентот ги запишал, и тоа според материјалот утврден со студиската програма.

На испит може да се јави оној студент кој ги има исполнето сите пропишани обврски утврдени според студиската програма за конкретниот предмет.

Член 66

Оценувањето на студентите се одвива според следниве критериуми:

- посета на предавања, вежби, максимум **20** поени
- активност на предавања, вежби, максимум **20** поени
- изработка на есеи, семинарски и проектни задачи и сл. максимум **60** поени
- финален испит максимум **80** поени

Вкупниот збир од предвидени поени по предмет изнесува **100** поени.

Завршната оценка за предметите се формира на следниов начин:

- од 51 до 60 поени.....**6**
- од 61 до 70 поени.....**7**
- од 71 до 80 поени.....**8**
- од 81 до 90 поени.....**9**
- од 91 до 100 поени.....**10**

Потребните кредити се стекнуваат со положениот испит.

Испитите се полагаат исклучиво **писмено**. За определени предметни програми во струката/насоката може да се примени различен начин на континуирано и завршно оценување кое дополнително ќе биде регулирано.

Завршното оценување се врши во февруари за зимскиот семестар, и јуни и август/септември за летниот семестар. Ноември, декември и април се дополнителени термини за студенти кои не постигнале позитивни резултати во претходните испитни рокови и за вонредни студенти.
По завршувањето на 6 семестри студии, студентите се здобиваат со назив „Мастер по бизнис администрација“.

Член 67

Во текот на студиската година, со одлука на високообразовната установа, одосно научната установа, може да се дадат и други термини за завршно оценување, но само за предметните програми што имаат задолжителен карактер, т.е. за оние предметни програми чие апсолвирање е услов за запишување на наредните предметни програми.

Високообразовната установа може да определи и дополнителни испитни рокови на предлог на ННС, доколку се оцени дека за тоа има објективна потреба.

Член 68

При проверка на знаењето и конечното оценување на секој студент секој наставник треба да води задолжително сметка стекнатите квалификации на студентот да соодветствуваат со целите, способностите и академските барања пропишани со општите и специфични дескриптори со кои се одредуваат резултатите од учењето за поединечна студиска програма од соодветниот циклус на студии согласно со Уредбата за национална рамка на високообразовни квалификации.

Специјалистички труд

Член 69

Специјалистичкиот труд е резултат на самостојна работа на студентот, со кој се систематизираат постојните научни знаења и со истиот придонесува за разрешување на проблеми од областа која е предмет на истражување.

Член 70

Пријавата за изработка на специјалистичкиот труд се поднесува до Наставно-научниот совет, по положувањето на предвидените испити.

Пријавата содржи: наслов на темата, образложение за научната и стручната оправданост на темата, план за работа и преглед на литературата.

Насловот на темата може да биде предложен од кандидатот во договор со менторот.

Член 71

Одлука за прифаќање на насловот на темата и за определување на менторот ја донесува Наставно-научниот совет, односно научниот совет.

Член 72

Насловот на прифатениот специјалистички труд се објавува во Билтенот на Високообразовната установа, на македонски или на англиски јазик.

Член 73

Менторот, под чие раководство студентот ќе го работи трудот, се определува од наставно-научните и научните работници од потесната област од која е пријавен трудот.

На образложено барање на кандидатот или менторот, Наставно-научниот совет, односно научниот Совет, може да донесе Одлука за промена на менторот.

Член 74

Специјалистичкиот труд се пишува на македонски или на англиски јазик.

Одбраната е на македонски или на англиски јазик.

Странските државјани специјалистичкиот труд можат да го работат и јавно да го бранат, по правило, на македонски, албански, турски или на англиски јазик.

Член 75

Студентот брани специјалистички труд најдоцна во рок од три години од денот на одобрувањето на темата на специјалистичкиот труд.

По барање на студентот, единицата на Установата може да одобри продолжување на рокот за одбрана на специјалистичкиот труд за времето додека траеле причините за спреченост за работа на специјалистичкиот труд. По истекот на овој рок, студентот губи право да го брани пријавениот специјалистичкиот труд.

Член 76

По завршувањето на менторската фаза, односно по изработката на трудот, студентот доставува пет примероци од специјалистичкиот труд, со барање да му се формира комисија за одбрана.

По образложен предлог на наставно-научниот колегиум, наставно-научниот совет, односно научниот советот формира комисија за одбрана на специјалистичкиот труд од најмалку три члена во рок од 30 дена од денот на доставувањето на трудот.

Член 77

Комисијата за одбрана на специјалистичкиот труд е должна да го прегледа трудот и на студентот писмено да му ги достави евентуалните забелешки во рок од 3 месеци.

Комисијата може да му го врати на кандидатот трудот со забелешките најмногу двапати и да му определи, во рок од најмногу три месеци, да постапи по нив. Комисијата подготвува извештај во кој дава оценка и образложение на трудот, најдоцна во рок од 3 месеци од денот на предавањето на трудот.

Извештајот се доставува до наставно-научниот совет, односно научниот совет на единицата.

По усвојувањето на извештајот, наставно-научниот совет, односно научниот совет го определува денот на одбраната, во рок од максимум 15 дена од прифаќањето на извештајот.

Кандидатот писмено се известува за денот на одбраната.

Член 78

Одбраната на трудот е јавна и се објавува на огласната табла на единицата најмалку 7 дена пред денот на одбраната на трудот.

По завршувањето на одбраната на трудот, Комисијата за одбрана на трудот јавно ја соопштува оценката на одбраната на специјалистичкиот труд.

Оценувањето се врши со две описни оценки: не го одбранил специјалистичкиот труд и го одбранил специјалистичкиот труд.

За текот на одбраната се води записник во кој се внесува оценката од ст. 3 на овој член. Записникот го потпишуваат членовите на Комисијата.

Стручен и научен назив

Член 79

Стручните и научните називи се определуваат согласно со закон, со акредитацијата на студиски програми, овој Статут и акт на Управниот Одбор а по предлог на Установата.

Студентите се стекнуваат со следнава диплома:

диплома за специјалистички студии од втор циклус - по завршување на студиска програма во траење до 2 години, кои заедно со програмата на студиите од прв циклус траат најмалку 5 години, односно најмалку 300 ЕКТС-кредити.

Називот на степените и звањата ги одредува Управен одбор со посебен акт, на начин на кој тие мора да бидат усогласени со меѓународната и професионалната практика.

Член 80

Студентот кој завршил, според соодветните студиски и предметни програми, последипломски студии (специјалистички студии) и одбранил специјалистички труд, го стекнува научниот степен Мастер по Бизнис администрација (скратено: MBA) или во меѓународна употреба (Master of Business Administration)

Авторски права

Член 81

После одобрувањето на на трудот, се потпишува изјава со која Високообразовната Установа стекнува авторски права врз трудот.

Наставниот кадар и студентот имаат авторски права во целиот свет за трудови како: книги, образовни трудови, семинарски трудови, трудови каде што се изнесени резултати од академски истражувања или студии.

Високообразовната установа ги има сите права за употреба на горенаведените трудови, за научно- образовни и истражувачки цели.

Плагијат

Член 82

Специјалистичкиот труд треба да биде оригинален труд на авторот. Строго се забранува секоја форма на копирање или препис на трудови објавени од други автори, предвидени со соодветните закони.

Уверение, Диплома и додаток на диплома

Член 83

Студентот кој ќе ги изврши сите обврски според студиската програма за усовршување или само дел од студиската програма за стекнување на образование му се издава уверение за завршниот дел од студиската програма кое содржи податоци за ниво, природа и содржина на студии како и постигнатите резултати. Уверението или документот за завршно оценување се издава врз основа на податоци во пријави за испит потпишани од наставникот.

Студент кој ќе ги заврши сите обврски според студиската програма за добивање високо образование во втор циклус на студии врз основа на евиденцијата

што се води за него Високообразовната Установа му издава диплома.

Со дипломата се потврдува дека студентот завршил студиска програма од сптручни специјалистички студии од втор циклус на студии и се стекнува со соодветен стручен или научен назив.

Составен дел на дипломата е додатокот на дипломата.

Дипломата и додатокот на диплома на Високообразовната Установа ги потпишува деканот на факултетот на кој се реализира студиската програма .

Дипломата е јавна исправа.

Член 84

Дизајнот и содржината на уверението треба да ги почитуваат критериумите за меѓународна препознатливост и прифатливост.

Стекнување сертификати/дипломи

Член 85

Студентот добива диплома за остварен потребен број кредити и за успешно положен завршен испит за соодветна студиска програма.

Како дополнување на дипломата, се издава уверение изработено според принципите на ЕКТС (Diploma Supplement).

Член 86

Студентот може да го напушти студирањето во рамките на одредена студиска пограма без неа да ја комплетира, и за тоа може да добие сертификат. Во сертификатот се бележат предметните програми, оценките и бројот на кредитите што ги остварил студентот во текот на студирањето.
Сертификатот нема важност на диплома.

Член 87

Одлука за изгледот на дипломата, уверението и сертификатот донесува Управниот Одбор на Високообразовната Установа.

Награди

Член 88

За посебно покажани резултати во студирањето, студентот може да добива соодветни награди и признанија.

Член 89

Критериумите и процедурата за наградување на студентите ги изготвуваат високообразовната установа, научната установа односно Високообразовната Установа.

Други јавни исправи

Член 90

Други јавни исправи се електронски индекс и студентска легитимација.

Јавните исправи од овој член ги издава Високообразовната Установа во материјална форма или електронска форма.

Промоција

Член 91

Промоцијата претставува свечено врачување на дипломите за завршени студии.

Дипломите од вториот циклус на студии ги врачува деканот на факултетот.

Дисциплински мерки

Член 92

На студентот, поради повреда на должностите и неисполнување на обврските на додипломските студии, може да му се изрече дисциплинска мерка; опомена, јавна опомена или исклучување.

Поблиски одредби за мерката, органот, начинот и постапката за утврдување на дисциплинската мерка и правото на заштита на студентот се определуваат со статутот на високообразовната установа и Правилникот за дисциплинска одговорност на студенти.

Административна поддршка

Член 93

Студентот има право да се обрати до Академската и Административната канцеларија за сите прашања во врска со правилата за студирање на Високообразовната Установа, како што се:

- Видот на студиите кои постојат на секоја високообразовна установа;
- Остварувањето на постдипломски студии;
- Видот на студиските програми за нови профили на стручни кадри;
- Објавувањето на студиските и предметните програми;
- Условите и начинот на запишување на постдипломски студии;
- Траењето, почетокот и завршувањето на обемот на постдипломски студии;
- Видовите студии за надградување и продлабочување на знаењата;
- Можностите за континуирано образование;
- Правилата на студирањето;
- Условите за мирување на статусот студент;
- Условите за паралелно студирање;
- Условите за премин од едни на други студии;
- Преминот на други високообразовни установи според принципите на ЕКТС;
- Правата и обврските на студентот;

- Начинот на оценување;
- Можностите за наградување;
- Дисциплинските мерки и сл.

Интерна евиденција

Член 94

Во текот на студирањето, за секој студент се води досие(личен картон) во кое се регулираат:

- Општите податоци за студентот
- Избраната студиска програма
- Бројот и видот на апсолвираните предметни програми
- Бројот на освоените кредити
- Добиените оценки за предметните програми
- Времетрањето на студирањето.

Екстерна евиденција

Член 95

Мобилноста на студентот помеѓу две установи се регулира со посебна документација:

- Договор за студирање
- Студентска пријава
- Податоци за установата од која доаѓа
- Податоци за установата во која се префрла
- Документ за постигнувањата на студентот

Задачи и одговорности на носителот на програмата

Член 96

Високообразовната установа, односно научната установа е должна да прифати стандардизирана меѓународно призната методологија за презентација на студиските и предметните програми. Предметните програми треба да бидат подготвени според структурата предвидена со пакетот на информации.

Реализацијата на предметните програми се надгледува од страна на надлежните служби на високообразовната установа, односно научната установа.

По реализацијата, носителот на предметната програма доставува извештај до координативното тело на ЕКТС на високообразовната установа односно научната установа.

Студенти кои имаат остварено просек над 9 до моментот на избор на студиски престој во странство треба да имаат познавање на англискиот јазик согласно законските одредби.

Носителот на предметната програма е должен да води евиденција за текот на

реализацијата на програмата, реализираните активности од страна на студентот и постигнатиот успех.

Член 97

Евалуацијата на студиските и предметните програми се врши по интерен и по екстерен пат.

Евалуацијата на успешноста на предметната програма и нејзиниот носител се остварува во согласност со критериумите предвидени во Правилникот за квалитетот во високото образование.

Член 98

Високообразовната установа има обврска да организира различни студиски престој за минимум 30 студенти од не помалку од еден месец на првите 500 рангирани универзитети согласно Шангајската листа односно први 200 од соодветно научно подрачје доколку студентот има остварено просек од над 9 до момент на избор и познавање на англсики јазик и тоа (TOEFL- 74 бода, не постар од две години, IELTS- 6 бода, не постар од две год., TOLES-базично познавање, ILEC-положен со успех најмалку B2, и Кембриџ- B1

Преодни одредби

Член 99

Високообразовните и акредитираните научни установи ќе ги усогласат интерните акти со одредбите од овој Правилник по стапувањето во сила на Правилникот за единствените основи за ЕКТС и преминот од една на друга студиска програма и преминот од една на друга високообразовна установа.

До примената на одредбите од овој Правилник ќе се применуваат постојните општи акти.

Член 100

Правилникот влегува во сила со денот на објавувањето во Билтенот на Високообразовната Установа и ќе почне да се применува по објавувањето.

Правилникот е во согласност со Законот за Високо образование и измените на законот (Службен весник на Република Македонија бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011,15/2013, 24/2013 и 41/2014)

Декан

Петрушевски Љубиша